Министерство за транспорт и врски

# ДО ГЕНЕРАЛНИОТ СЕКРЕТАР НА ВЛАДАТА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

**Име на материјалот:** Предлог на Законот за изменување и дополнување на Законот за жичари и ски-лифтови

**Усогласеност со Програмата на Владата:** Да

**Усогласеност со член 68 од Деловникот за работа на Владата:** Да

**Предлог на која седница на Влада да се разгледа материјалот:** На првата наредна седница

**Доверливост на материјалот:** Не

**Итност на материјалот:**

**Прилог:** Предлог на закон

Дата на доставување на материјалот:

2010 година

Министер за транспорт и врски,

Миле Јанакиески

Република Македонија

Министерство за транспорт и врски

# Предлог на
# Закон за изменување и дополнување на Законот за жичари и ски-лифтови

ПОТПИС: ______________________

Скопје, 2010 година

**1.Осврт по материјалот:**

Со овој закон се уредуваат условите и начинот на изградбата, опремувањето, одржувањето, функционирањето и управувањето со жичарите и ски-лифтовите како и начинот и заштитата на организирање на превозот на лица со жичарите и си-лифтовите.

Со одредбите од законот се утврдува кој го врши и каква е постапката за инспекцискиот надзор.

Меѓутоа, имајќи го во предвид донесувањето на новиот Закон за инспекциски надзор се наложи потреба од измена и дополнување на одделни одредби од законот кои се однесуваат пред се на инспекцискиот надзор, се со цел усогласување со одредбите од Законот за инспекциски надзор.

**2. Разгледани можни решенија (за-против аргументи):**

Со Предлогот на законот се врши усогласување на одредбите од законот со одредбите од Законот за инспекциски надзор и Законот за прекршоците.

**3. Резултати од извршените консултации со ресорните министерства, другите органи на државната управа и организации:**

На ден 15.11.2010 година од страна на Министерство за транспорт и врски беа консултирани: Секретаријат за законодавство, Државен Управен Инспекторат и Министерство за правда.

**4. Решение кое се препорачува (со образложение):**

Се препорачува Владата да го разгледа и утврди текстот на Предлогот на законот за изменување и дополнување на Законот за жичари и ски-лифтови и истиот да го достави до Собранието на Република Македонија за разгледување и усвојување.

**5. Фискални импликации на материјалите што се предлагаат:**

Нема

**6. Очекувани влијанија:**

Предложените измени и дополнувања на законот ќе допринесат поефикасна примена на законот и усогласување со Законот за инспекциски надзор. .

**7. Усогласеност со европското законодавство (кои директиви на ЕУ се транспонираат во нашето законодавство):**

Нема

**8. Оценка на Секретаријатот за законодавство по материјалот:**

**9. Клучни елементи за информирање на јавноста:**

Текстот на предлогот на законот ќе биде објавен на ВЕБ страната на Министерството за транспорот и врски.

# ФОРМУЛАР ЗА ПРОЦЕНКА НА ФИНАНСИСКИ ИМПЛИКАЦИИ

| | |
|---|---|
| 1. Назив на предлогот:<br>Предлог на Закон за изменување и дополнување на Законот за жичари и ски-лифтови | 2. Министерство/Орган на државната управа:<br>Министерство за транспорт и врски |
| 3. Цел на предлогот:<br>Усвојување на законот | 4. Вид на предлогот:<br>Закон |
| 5. Контакт лице и звање:<br>Миле Јанакиески, министер | 6. Контакт телефон/факс или е-пошта:<br>Тел: 3145 479 факс: 3126 228 |
| 7. Активност: | |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 8. Вид на барање: | ( ) | Регулатива во врска со ЕУ | ( ) | Нова програма | ( ) | Прераспределба (на средства) помеѓу две програми |
| | ( ) | Друга нова регулатива | ( ) | Зголемување / намалување на постоечка програма | ( ) | Спојување на две или повеќе програми |

9. Цел на барањето/предложена активност:

10. Врска со Владината програма:

| 11. Фискални импликации | (Во МКД) 2010 | 2011 | 2012 | 2013 |
|---|---|---|---|---|
| А. Вкупни трошоци за предлогот<br>▪ Плати<br>▪ Стоки и услуги<br>▪ Капитал<br>▪ Трансфери | | | | |
| ВКУПНО: | 0 | 0 | 0 | 0 |
| Б. Одобрени средства за предлогот<br>▪ Плати<br>▪ Стоки и услуги<br>▪ Капитал<br>▪ Трансфери | | | | |
| ВКУПНО: | 0 | 0 | 0 | 0 |
| В. Промена (разлика) од одобрените средства (Б-А)<br>▪ Плати<br>▪ Стоки и услуги<br>▪ Капитал<br>▪ Трансфери | | | | |
| ВКУПНО: | 0 | 0 | 0 | 0 |
| Г. Расположливи средства од прелевање (од други активности или програми во органот)<br>▪ Плати<br>▪ Стоки и услуги<br>▪ Капитал<br>▪ Трансфери | | | | |
| ВКУПНО: | 0 | 0 | 0 | 0 |
| Ѓ. Нето импликации на средствата на органот: (В-Г)<br>▪ Плати<br>▪ Стоки и услуги<br>▪ Капитал<br>▪ Трансфери | | | | |
| ВКУПНО: | 0 | 0 | 0 | 0 |
| Е. Зголемување/намалување на приходите | | | | |
| Ж. Дополнителни извори на финансирање или споделување на трошоците<br>Извор:____________________ | | | | |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 12. Нето зголемување/намалување на вработени во врска со предлогот | | | | |
| 13. Какви гаранции заеми или други вистински или можни обврски ќе произлезат за Владата (а кои не се наведени во точка 11А до 11Е) | | | | |

| | |
|---|---|
| 14. Ако ова претставува барање за дополнителни средства во тековната фискална година или надвор од нормалниот циклус на подготвување на буџетот, дајте образложение: | |
| 15. Дата на завршување на проценката: | |
| 16. Дата на поднесувањето на анализата до Министерството за финансии за добивање мислење: | |
| 17. Дата на добивање на одговор од Министерството за финансии: | |
| 18. Измени побрани од Министерството за финансии: | |
| 19. Одговор на Министерството – Предлагач: | |
| 20. Одговор од Министерството за финансии: | |
| 21. Дали мислењето на Министерството за финансии е дадено во прилог: | |

22. Одобрено/Дата:

------------------------------------- ------------------------------------

| | | | |
|---|---|---|---|
| | Датум: ден/месец/година | | Датум: ден/месец/година |
| Потпис на државен секретар/ Директор на државен орган | 15.11.2010 година | Потпис на Министер | 15.11.2010 година |

# В О В Е Д

## I ОЦЕНА НА СОСТОЈБИТЕ ШТО ТРЕБА ДА СЕ УРЕДАТ СО ЗАКОНОТ И ПРИЧИНИ ЗА ДОНЕСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ

Со Законот за жичари и ски-лифтови донесен во 2000 година. („Службен весник на Република Македонија" бр. 54/00 и бр.103/08) се уредуваат условите и начинот на изградбата, опремувањето, одржувањето функционирањето и управувањето со жичарите и ски-лифтовите како и начинот и заштитата на организирање на превозот на лица со жичарите и ски-лифтовите.

Во главата IV од законот е регулиран надзорот и инспекцискиот надзор над спроведувањето на одредбите на овој закон. Предвидено е инспекцискиот надзор да го вршат инспекторите за жичари и ски-лифтови.

Имајќи го во предвид донесувањето на новиот Закон за инспекциски надзор произлезе потребата од усогласување на овој закон со Законот на инспекциски надзор. Исто така, со измените извршена е измена и во делот на прекршочните одредби заради усогласување на законот со Законот за прекршоците, како и воведена е едукација согласно мерките за унапредување на казнената евиденција.

## II ЦЕЛИ, НАЧЕЛА И ОСНОВНИ РЕШЕНИЈА

Целта за донесување на овој закон е заради усогласување на законот со Законот за инспекциски надзор и Законот за прекршоците.

Предлогот на законот за изменување и дополнување е заснован на истите начела на кој е заснован Законот за жичари и ски-лифтови.

## III ОЦЕНА НА ФИНАНСИСКИТЕ ПОСЛЕДИЦИ ОД ПРЕДЛОГОТ НА ЗАКОНОТ ВРЗ БУЏЕТОТ И ДРУГИТЕ ЈАВНИ ФИНАНСИСКИ СРЕДСТВА

Одедбите од предлогот на Законот не имплицираат финансиски последици врз Буџетот на Република Македонија и другите јавни финансиски средства.

## IV ПРОЦЕНА НА ФИНАНСИСКИТЕ СРЕДСТВА ПОТРЕБНИ ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ, НАЧИНОТ НА НИВНО ОБЕЗБЕДУВАЊЕ, ПОДАТОЦИ ЗА ТОА ДАЛИ СПРОВЕДУВАЊЕТО НА ЗАКОНОТ ПОВЛЕКУВА МАТЕРИЈАЛНИ ОБВРСКИ ЗА ОДДЕЛНИ СУБЈЕКТИ

За спроведувањето на Законот не е потребно обезбедување на посебни финансиски средства, ниту предложените измени и дополнувања од Законот повлекуваат материјални обврски за одделни субјекти.

# ПРЕДЛОГ НА ЗАКОН ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ЖИЧАРИ И СКИ-ЛИФТОВИ

Член 1

Во Законот за жичари и ски-лифтови ("Службен весник на Република Македонија„ бр 54/2000, 103/2008) по член 1 се додава нов член 1-а кој гласи:

„Член 1-а

Во постапката при вршење на инспекциски надзор ќе се применуваат одредбите од Законот за инспекциски надзор доколку со овој закон не е поинаку уредено".

Член 2

Во членот 23 по став 1 се додаваaат два нови става 2 и 3 кои гласат:

„За работата на Државниот инспекторат за транспорт, директорот на Државниот инспекторат за транспорт донесува годишна програма. Годишната програма содржи месечни планови за работата на инспекторите за жичари и ски-лифтови.

Директорот на Државниот инспекторат за транспорт за работата на инспекторите за жичари и ски- лифтови, најдоцна до 31 март во тековната година, за претходната година доставува годишен извештај до Владата на Република Македонија."

Член 3

По член 27 се додава нов член 27-а кој гласи:

„ Член 27-а

Работите на инспекциски надзор инспекторот за жичари и ски- лифтови ги врши согласно годишната програма од член 23 став 2 на овој закон.

Член 4

Во членот 29 ставот 2 се менува и гласи:

„Против решението на инспекторот за жичари и ски- лифтови може да се поднесе жалба во рок од осум дена од денот на приемот на решението.

По став 2 се додаваат два нови става 3 и 4 кои гласаат:

„ По жалбата против решението од став 2 на овој член одлучува посебна комисија при Министерството за транаспорт и врски составена од три члена именувани од министерот за транспорт и врски. Претседателот на Комисијата е лице од редот на раководни државни службеници од Министерството за транспорт и врски кое не учествувало во постапката за вршење на инспекциски надзор. Членовите на Комисијата се со високо образование од правна или техничка струка со најмалку три години работно искуство.

Комисијата од став 3 на овој член одлуката по жалбата ќе ја донесе во рок од 15 дена од денот на приемот на жалбата."

Ставот 3 станува став 5.

Член 5

Членот 31 се менува и гласи:

„Доколку инспекторот за жичари и ски-лифтови при вршењето на инспекцискиот надзор утврди дека е повреден Законот, составува записник во кој ги констатира утврдените неправилности врз основа на кој ќе донесе решение во кое ќе определи рок од 15 дена за отстранување на неправилностите.

Доколку во определениот рок од став 1 на овој член не се отстранат неправилностите, инспекторот за жичари и ски-лифтови е должен да поднесе барање за поведување на прекршочна постапка."

Член 6

По членот 31 се додаваат два нови члена 31-а и 31-б кои гласат:

„ Член 31-а

Доколку при вршењето на инспекцискиот надзор инспекторот за жичари и ски-лифтови утврди дека по прв пат е сторена неправилност од членовите 33 став 1 точка 4 и 7, член 34 став 1 точка 3 и член 36 точка 1 од овој закон , должен е да состави записник во кој ќе ја утврди сторената неправилност со укажување за отстранување на истата во рок од 15 дена и со едновремено врачување на покана за спроведување на постапка за едукација на лицето или субјектот каде е утврдена неправилноста при вршењето на инспекцискиот надзор.

Формата и содржината на поканата за едукација како и начинот на спроведувањето на постапката на едукацијата ја пропишува министерот за транспорт и врски.

Едукацијата ја организира и спроведува инспекторот за жичари и ски-лифтови, во рок не подолг од 20 дена од денот на извршениот инспекциски надзор.

Едукацијата може да се спроведе за повеќе утврдени исти или истородни неправилности за еден или повеќе субјекти.

Доколку во закажаниот термин лицето или субјектот над кој се спроведува едукација не се јави на едукацијата ,ќе се смета дека едукацијата е спроведена.

Доколку лицето или субјектот над кој се спроведува едукација се јави на закажаната едукација и истата ја заврши , ќе се смета дека е едуциран по однос на утврдената неправилност,

Доколку инспекторот за жичари и ски-лифтови при спроведувањето на контролниот инспекциски надзор утврди дека се отстранети констатираните неправилности од став 1 на овој член ќе донесе заклучок за запирање на постапката за инспекциски надзор.

Доколку инспекторот за жичари и ски-лифтови при вршењето на контролниот надзор утврди дека не се отстранети утврдените неправилности од став 1 од овој член ќе поднесе барање за поведување на прекршочна постапка пред надлежен суд.

Инспекторот за жичари и ски-лифтови води евиденција за спроведената едукација на начин пропишан од министерот за транспорт и врски.

Член 31-б

Државниот инспекторат за транспорт за извршените инспекциски контроли од инспекторите за жичари и ски лифтови изготвува квартални извештаи кои ги доставува до Министерството транспорт и врски за нивно објавување на веб страната на министерството “.

Член 7

Членот 36-а се брише.

Член 8

Подзаконските акти од овој закон ќе се донесат во рок еден месец од денот на влегувањето во сила на овој закон.

Член 9

Одредбите од членовите 1-а, 23 став 2 и 3, 27-а и 29 од овој закон ќе отпочнат да се применуваат со денот на отпочнувањето на примената на Законот за инспекциски надзор.

Член 10

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во “Службен весник на Република Македонија„.

ОБРАЗЛОЖЕНИЕ НА ПРЕДЛОГОТ НА ЗАКОНОТ

## I ОБЈАСНУВАЊЕ НА СОДРЖИНАТА НА ОДРЕДБИТЕ ОД ПРЕДЛОГ-ЗАКОНОТ

Предложените измени и дополнувања на одделни одредби од законот имаат за цел усогласување на законот со Законот за инспекциски надзор и Законот за прекршоците.

Во таа смисла со членот 1 е утврдено дека во постапката при вршење на инспекциски надзор ќе се применуваат одредбите од Законот за инспекциски надзор доколку со овој закон не е поинаку уредено, со член 2 и 3 се уредува прашањето дека за работата на Државниот инспекторат за транспорт, директорот на Државниот инспекторат за транспорт донесува годишна програма која содржи месечни планови за работата на инспекторите за жичари. Со член член 4 се уредуваат прашањата дека против решение донесено од страна на испекторите за жичари и ски-лифтови жалба може да се поднесе во рок од 8 дена од денот на приемот на решението до посебна комисија составена од три члена, именувани од страна на министерот за транспорт и врски.

Со предложените измени и дополнувања пропишана е одредба со која се спроведува едукација за одредени полесни повреди на законот кои се предвидени како прекршоци.

## II МЕЃУСЕБНА ПОВРЗАНОСТ НА РЕШЕНИЈАТА СОДРЖАНИ ВО ПРЕДЛОЖЕНИТЕ ОДРЕДБИ

Предложените решенија практично претставуваат дополнување и доразработка на постојните одредби од Законот со цел да се овозможи нивна целосна усогласеност со Законот за инспекциски надзор.

## III ПОСЛЕДИЦИ ШТО ЌЕ ПРОИЗЛЕЗАТ ОД ПРЕДЛОЖЕНИТЕ РЕШЕНИЈА

Со предложените решенија ќе се овозможи  усогласена примена на одредбите од законот со одредбите од Законот за инспекциски надзор.

# ТЕКСТ НА ОДРЕДБИТЕ ОД ЗАКОНОТ ЗА ЖИЧАРИ И СКИ – ЛИФТОВИ КОИ СЕ ИЗМЕНУВААТ И ДОПОЛНУВААТ

## Член 29

Инспекторите за жичари или ски-лифтови, работите на инспекција ги вршат самостојно и донесуваат решенија во рамките на овластувањата определени со овој закон.

Против решението на инспекторот може во рок од осум дена од денот на приемот на решението да се поднесе жалба до министерот за сообраќај и врски.

Жалбата од став 2 на овој член, ако тоа го бара итноста на мерките одредени во решението, не го одлага извршувањето на решението.

## Член 31

Инспекторот за жичари и ски лифтови е должен да му достави записник за извршениот инспекциски преглед на правното лице кое управува со жичарата или ски –лифтот.